Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0307-1101
31.08.2012 год.
СКОПЈЕ

САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0301-241/1
31-08-2012 199__ год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

СОНК

ЗЕЛС

**Скопје, септември 2012 г.**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

во Скопје, на -- септември, 2012 г.

склучен помеѓу:

**Заедницата на единиците на**
**локалната самоуправа на Р.М. - ЗЕЛС,**
претставувана од Претседателот, ***г. Коце ТРАЈАНОВСКИ,***

и

**Самостоен синдикат за образование,**
**наука и култура на Република Македонија - СОНК,**
претставуван од Претседателот, г. ***Јаким НЕДЕЛКОВ,***

со следната содржина:

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Член 1**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (во натамошниот текст СОНК) и Заедницата на единиците за локална самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС изразуваат желба и целосна подготвеност, во духот на воспоставување на социјален дијалог, да разговараат, преговараат и да се договараат за сите прашања кои се од нивна надлежност.

**Член 2**

СОНК се обврзува за сите прашања и проблеми од економско - социјална сфера на своите членови од предучилишното воспитание и згрижување; основното, средното и високото образование; науката и културата, најнапред да покренува иницијатива за барање на заеднички решенија пред надлежните во установите од споменатите дејности. Доколку тие активности не доведат до посакувано заедничко решение, СОНК се обврзува за тие прашања и проблеми да покрене иницијатива и барање до надлежните органи на Единицата на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа конкретната установа.

Доколку станува збор за прашања и проблеми кои опфаќаат повеќе установи од повеќе единици на локалната самоуправа, СОНК истите ќе ги постави на решавање пред раководството на ЗЕЛС.

**Член 3**

ЗЕЛС се обврзува преку единиците на локалната самоуправа, во согласност со законите на Република Македонија и меѓународните конвенции што ги има верификувано Република Македонија во делот на економско - социјални и работно - правни односи, да се воспостави социјален дијалог и партнерство помеѓу СОНК и органите на управување и раководење во установите наведени во точка 1 од овој Меморандум.

**Член 4**

ЗЕЛС се обврзува преку единиците на локалната самоуправа, согласно точка 3 од овој Меморандум да воспостави социјален дијалог и партнерство со Регионалните одбори на СОНК соодветно со конкретните единици на локална самоуправа.

**Член 5**

СОНК и ЗЕЛС се обврзуваат да воспостават социјален дијалог и партнерство врз основа на целосно почитување на принцип на взаемна доверба и почитување со максимална коректност и конструктивност во поставување на прашањата и проблемите и во барање на решение за нивно разрешување.

**Член 6**

СОНК се обврзува дека ќе се воздржува од преземање на порадикални (легитимни) активности и мерки се додека не бидат исцрпени сите претходни можности за изнаоѓање на взаемно прифатливи решенија.

**Член 7**

ЗЕЛС се обврзува, за одредени прашања и проблеми кои се од заеднички интерес а се во надлежност на органите од централната власт, заеднички со СОНК да бараат изнаоѓање на возможно реално и прифатливо решение.

**Член 8**

СОНК и ЗЕЛС се обврзуваат на воспоставување редовна комуникација за сите прашања и проблеми кои се од заедничка надлежност и интерес.

**Член 9**

СОНК се обврзува овој Меморандум дека ќе биде почитуван и применуван од сите синдикални организации, Регионални одбори и органите и телата на СОНК на национално ниво.

**Член 10**

ЗЕЛС се обврзува овој Меморандум дека ќе биде почитуван и применуван од сите единици на локална самоуправа и од органите и телата на ЗЕЛС на национално ниво.

страни потписнички:

**Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Р. М. - СОНК**
**Претседател,**

____________________

**Јаким НЕДЕЛКОВ**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р.М. - ЗЕЛС**
**Претседател,**

____________________

**Коце ТРАЈАНОВСКИ**